**Почитувани,**

**Поради големиот интерес за дводневните обуки по природни науки, Ве известуваме дека рокот за пријавувањето на заинтересираните предметни наставници по природни науки е продолжен и ќе се одвива:**

**до <u>29. август</u> 2019 година за термините - 3. септември и 4. септември 2019 г.**

**до <u>6. септември</u> 2019 година за термините - 10.септември и 11.септември 2019 г.**

Пријавувањето е со пополнување на формулар - https://forms.gle/j6rr7xQ5Hin2ZdAp9.

Котизацијата во износ од 1800,00 денари (жиро сметка: 300000001912294 Комерцијална банка А.Д. Скопје, Македонско биолошко друштво). Уплатата за обуките треба да се изврши до термините за пријавување (29. август, односно до 6.септември).

Во продолжение на дописот повторно ги наведуваме информациите за обуките кои се дадени во првиот допис пратен до училиштата во јуни, 2019.

Друштвото на физичари на Република Македонија (ДФРМ), Сојузот на хемичари и технолози на Македонија (СХТМ) и Македонското биолошко друштво (МБД) ќе организираат обуки со работилници за практична работа за наставници кои изведуваат настава по предметот Природни науки во петто и шесто одделение. Обуките и работилниците се однесуваат на темите според наставниот план и прорама и соодветните учебници во тековна употреба.

Дводневните обуки ќе се одржат во следните термини:

- 3. септември и 4. септември 2019 г. и
- 10. септември и 11. септември 2019 г.

Дводневните обуки ќе бидат спроведени според поглавјата застапени по предметот Природни науки во петто и шесто одделение.

Програмата за работа на обуките ќе биде дополнително доставена до пријавените наставници.

Сертификатите за обуките се издаваат исклучиво по завршување на обуките.

За дополнителни информации пратете порака на biolozimk@gmail.com

Скопје, 23. август 2019

Со почит,

Доц. д-р Ламбе Барандовски, Претседател на ДФРМ

Проф. д-р Зоран Здравковски, Претседател на СХТМ

Проф. д-р Сузана Диневска Ќовкаровска, Претседател на МБД